ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

**Колегиумот е одржан на ден 17.12.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот**.

**Присутни:** Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** - Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### <u>Секретар</u>

Дадено е кратко резиме за текот на определени постапки и активности од делокругот на работите на Општинската администрација на ниво на изминатата работна недела.

Дадено е укажување за потребата од промена во начинот на изготвување на неделните извештаи за работата на вработените во Општина Крива Паланка, со промена на концептот од табеларен кон описен извештај.

---

### <u>Одделение за финансиски прашања</u>

Информација во врска со подготовката на Буџетот за 2019 година.

Информација во врска со постапката за попис на ствари и инвентар во сопственост на Општината и истакнување на потребата од обезбедување на превоз за членовите на пописната комисија.

Информација за исплата на регрес за годишен одмор.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со текот на постапката за изготвување и достава на решенија за одбивање на барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Информација во врска со постапката за увид на лице место за утврдување на недостатоци при објекти кои се предмет на утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Информација во врска со утврдена лоша состојба на сообраќајните знаци на определени локации, со укажување за корекција на столбните места на истите.

Информација во врска со утврдени недостатоци во сообраќајниот проект, со укажување за корекција на истите.

Информација во врска со тековната состојба со проектите за гасификација, за детска градинка и за зелен пазар, со напомена дека при изготвување на проектот за гасификација проектантот ќе треба да врши ажурирање на лице место и истиот не може да биде готов до 31.12.2018 година, додека проектот за детска градинка ќе биде доставен во финална верзија најдоцна за два дена, а проектот за зелен пазар ќе подлежи на определени корекции, по кое се очекува да биде подготвен во финална верзија најдоцна до 25.12.2018 година.

Информација во врска со тековните постапки во системот на Е-урбанизам и кратко резиме на проблемите со кои се соочува ова одделение при постапувањето по истите.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова Одделение.

---

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Сугестија за усогласување на буџетот за 2019 година со програмата за изградба и одржување на патна инфраструктура за 2019 година.

Информација во врска со тековни работи на терен, со акцент на изведбените активости за изградба на регулација на Скрљавски Дол и водовод во с.Луке.

Информација во врска со активностите на КООП Инженеринг, со укажување да се направи напор и да се инсистира да се доврошат сите тековни активности за асфалтирање и крпење на ударни дупки, а во склад со временските прилики и доколку условите го дозволуваат тоа.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со текот на постапката за вработување на административни службеници.

Информација во врска со постапката за оценување на административните службеници.

Информација во врска со објавен јавен оглас за вработување на едно лице во Општина Крива Паланка и едно лице во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со тековните проблеми при изготвувањето на извештајот за функционална анализа, со истакнување на предлог за итно и неодложно свикување на состанок на работната група за навремено и соодветно надминување на истите.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со претстојните јавни повици за специфични подрачја преку Бирото за регионален развој кои ќе бидат објавени најдоцна до 20.01.2019 година, со апел за подготовка на потребните проекти за да може соодветно да се аплицира.

Информација во врска со подготовка на Новогодишна програма за ден 29.12.2018 година.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со подготовка на претстојната Седница на Советот на Општина Крива Паланка, закажана за ден 28.12.2018 година.

Информација во врска со распишани тековни и веќе завршени постапки за јавни набавки.

Задолжение за објава на јавен оглас за давање под закуп на објекти во сопственост на Општината на деловни субјекти или физички лица.

Информација во врска со изготвување на план за утврдени цели и задачи и планирани обуки на вработените во ова одделение.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени 11 (единаесет) увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, постапувајќи по поднесени барања од граѓаните, со кратко резиме за 5 (пет) завршени предмети и 6 (шест) предмети за кои сеуште трае постапката.

Информација за активностите на терен на ангажираните општи работници.

Информација во врска со активностите на комуналните редари во текот на изминатата работна недела.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековните активности за зимско одржување на коловозни и тротоарски површини и акцентирање на тековните проблеми со кои се соочува ова претпријатие.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

---

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со подготовката на договорот за давање на користење на објект во с.Градец (училишна зграда) и допрецизирање на определени договорни обврски.

Информација во врска со подготовката на Новогодишната програма за ден 29.12.2018 година.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**17.12.2018 година, Крива Паланка**